*Број: 02 - 11067/1*
*21.10.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXXV-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 13.08.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*

- *Кристина Христова, ВД директор на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Миле Сугарев, кординатор на финансиска контрола во ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Деан Михајловски , ВД директор на сектор за човечки ресурси (делумно присутен);*
- *Стојан Петрески, раководител на одделението за здравствено осигурување и нормативно правно работење (делумно присутен);*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на одделот за примарна здравствена заштита, во својство на записничар*

*Седницата ја отвори заменик претседателот на Управниот одбор Др. Беким Сали. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година;*
- *Усвојување на записникот од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година;*

1. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2010 година;*
2. *Извештај од извршени финансиски контроли на јавните здравствени установи за периодот јануари - јуни 2010 година;*
3. *Предлог за ребаланс на буџетите на јавните здравствени установи кои набавките на фактори ги вршат од Републичкиот завод за трансфузиологија заради трансформацијата на заводот;*
4. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност*

5. *Одлука за укинување на Одлуката за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи;*
6. *Предлог измена на Програмата за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и Подрачните служби на Фондот за 2010 година;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Предлог за изменување на квоти на аптеки заради промени во тимови (од 1 август);*
10. *Преглед на понуди од аптеки за кои се води судски спор со градски аптеки;*
11. *Предлог за редистрибуирање на квоти на аптеки (од 1 септември);*
12. *Спогодба за унапредување на деловна соработка со Здравствената установа АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица;*
13. *Спогодба за унапредување на деловна соработка со здравствената установа Негорски бањи АД с. Негорци - Гевгелија;*
14. *Корекции на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување*
15. *Образложение за реализација на приходи и расходи за јули 2010 година;*
16. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
17. *Разно*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија имаше забелешки за точките 12 и 13 од предлог - дневен ред кои се однесуваат на Спогодбите за унапредување на деловна соработка со здравствените установи АД Цар Самуил - Банско, Струмица и Негорски бањи АД с.Негорци - Гевгелија, бидејќи сметаше дека за тоа Управниот одбор нема надлежност да одлучува и бараше точките да бидат претставени на Управниот одбор во форма на информација.*

*М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ; го прифати предлогот на Др. Горан Коевски спогодбите за унапредување на деловна соработка со АД Цар Самуил - Банско, Струмица и Негорски бањи АД с.Негорци - Гевгелија кои се направени со цел надоминување на судските спорови кои Фондот ги води со установите да бидат претставени на членовите на Управниот одбор во форма на информација. Напомена дека истите биле ставени како точка на дневниот ред за да можат членовите на Управниот одбор да дадат свое мислење врз основа на кое ќе се изгради став кој ќе биде најповолен за Фондот.*

*Во врска со останатите точки наведени во предлог - дневен ред, директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова објасни дека називот во точката 10 ќе се преформулира од преглед на понуди на аптеки во преглед на аптеки и истата е поврзана со точката 11 за која Кристина Христова, ВД директор на одделението за фармација на Фондот ќе објасни од кои причини истата не е подготвена и ќе биде повлечена како точка од оваа седница на Управниот одбор. Напомена дека точката 15 - Образложение за реализација на приходи и расходи за јули 2010 година која се однесува за ликвидноста на Фондот ќе биде презентирана како точка 1 и таква информација редовно ќе се доставува на седниците на Управниот одбор.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите и забелешките во врска со точките наведени во предлог - дневниот ред како и објаснувањето од страна на Фондот дека записниците од LXXVIII -та седница на Управниот одбор одржана на 21.04.2010 година, од LXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 05.05.2010 година и од LXXX -та седница на Управниот одбор одржана на 10.05.2010 година нема да се разгледуваат на оваа седница бидејќи истите не се конечни и едногласно го усвоија следниот:*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Образложение за реализација на приходи и расходи за јули 2010 година;*
2. *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2010 година;*
3. *Извештај од извршени финансиски контроли на јавните здравствени установи за периодот јануари - јуни 2010 година;*
4. *Предлог за ребаланс на буџетите на јавните здравствени установи кои набавките на фактори ги вршат од Републичкиот завод за трансфузиологија заради трансформацијата на заводот;*
5. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност*
6. *Одлука за укинување на Одлуката за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи;*
7. *Предлог измена на Програмата за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и Подрачните служби на Фондот за 2010 година;*

8. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Предлог за изменување на квоти на аптеки заради промени во тимови (од 1 август);*
11. *Преглед на аптеки за кои се води судски спор со градски аптеки;*
12. *Информација во врска со Спогодбата за унапредување на деловна соработка со Здравствената установа АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица;*
13. *Информација во врска со  Спогодбата за унапредување на деловна соработка  со здравствената установа Негорски бањи АД с. Негорци - Гевгелија;*
14. *Корекции на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување*
15. *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
16. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

**ТОЧКА 1** *- Образложение за реализација на приходи и расходи за јули 2010 година*

*Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии; ја презентираше точката за реализацијата на приходи и расходи  на Фондот за јули 2010 година и истакна дека во месец јули 2010 година се реализирале повеќе приходи што е резултат на повеќе примен трансфер од буџет во износ од 415 милиони денари односно за 90 милиони денари повеќе од планираното и приходи од останати субјекти во износ од 1.058 милиони денари односно за 100 милиони денари повеќе од планираното. Истакна дека во стручните служби на Фондот во зависност од приловот на средства направија три вида на проекции и тоа: конзервативна проекција, проекција по Фондот или оптимистичка проекција  и проекција по Министерство за финансии. Укажа и на тоа дека ако трендот на остварување на поголеми приходи и добивање на редовен трансфер од Буџетот на РМ продолжи и во наредниот период постои можност за постепено намалување на долгот на Фондот кој на крајот на годината би изнесувал околку 290 милиони денари.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, информираше дека ваква табела за реализација на приходи и расходи на Фондот редовно ќе се доставува*

*на секоја седница на Управниот одбор со надеж  дека ќе се зголеми приливот на придонеси за задолжително здравствено осигурување и Фондот  помалку ќе доцни со исплата бидејќи со сегашната состојба се надминуваат роковите предвидени во договорите за плаќање.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, праша на што се должи зголемениот прилов на средства во месец јули 2010 година.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, имаше свое мислење за поставеното прашање и сметаше дека истата се должи на созревањето на економијата и навремената исплата на платите, иако анализа и одговор треба да дадат Управата за јавни приходи и Министерството за финансии.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, истакна дека во делот на оптимистичката проекција е земен јулскиот прилив на средства и смета дека таа проекција може да биде и реална.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, укажа на тоа дека Фондот неможе да знае во кој правец понатаму би се одвивала состојбата со ликвидоста на Фондот со оглед на тоа дека во месец мај и јуни беше многу лоша состојбата со прибирањето на придонесите кои се во надлежност на Управата за јавни приходи.*

*М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, заклучи дека финансиската состојба на Фондот не е поволна, вкупните обврски се зголемуваат и  преставуваат долгови како и тоа дека  Фондот има повеќе трошоци од приходи.  Потсети и тоа дека ликвидоноста на Фондот зависи од приловот на приходите кои ги добива и праша дали Владата на Република Македонија и  Министерстото за финансии знаат за настанатата финансиска состојба на Фондот.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, одговори дека Фондот редовно ги информира надлежните институции за финансиската состојба на Фондот.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, се надева дека проекцијата од Министерство за финансии ќе се реализира освен ако трендот на јулскиот раст на приходи не продолжи и во наредните месеци па би можело да се очекува реализација на оптимистичката проекција како што е во ребалансот.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, потенцираше дека ова е само информација до членовите на Управниот одбор за ликвидноста на Фондот и дека не се бара од нив да донесат некаков став.*

*Д-р. Љубиша Каранфиловски, посочи дека Управниот одбор покрај тоа што беше информиран за финансиската состојба на Фондот и понатаму ативно ќе ја следи состојбата.*

*Управниот одбор откако беше запознат со информацијата за ликвидноста на Фондот, продолжи со другите точки на дневниот ред.*

**ТОЧКА 2** - *Анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2010 година*

*Татјана Лукановска, истакна дека ова преставува анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ кои доставуваат месечни извештаи до Фондот. Укажа дека анализата ја опфаќа структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа дозначените средства од Фондот до здравствените установи и нивната достасаност за плаќање, преглед на долговите на ЈЗУ , состојбата со залихите и други анализи. Потенцираше дека анализата покажала зголемување на долговите на Клиничка болница Битола но не го исклучи и фактот дека состојбата е алармантна и кај сите други ЈЗУ. Напомена дека не е во можност да каже каква ќе биде понатамошната состојба и колку истата ќе се подобри со оглед на тоа дека покрај долговите на Фондот растат и долговите на ЈЗУ.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, потенцираше дека се повеќе растат расходите на Фондот за нездравствени услуги како што е породилното боледување наспроти расходите за здравствени услуги. Поради тоа смета дека Фондот треба да се насочи кон покривање на што повеќе здравствени услуги со оглед на тоа што во другите земји породилното боледување е надвор од системот, односно надвор од Фондот.*

*Ставот на Директорката Мр- Маја Парнарџиева - Змејкова беше подржан и од Татјана Лукановска.*

*М-р Борис Јосифовски, осврнувајќи се на страната за расходите на Фондот посочи дека во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари - јуни 2010 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 2,8% при што се повеќе остварени од планираното за 21,06%, а споредени со истиот период за 2009 година бележат зголемување од 27,68%.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, забележа дека најголема ставка на расходи на Фондот е ставката за стоки и услуги.*

*Татјана Лукановска, објасни дека тука спаѓаат трошоците за адвокатските услуги кој преставуваат висока ставка и го оптеретуваат буџетот како и непланирани трошоци по судски решенија.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, појасни дека адвокатските трошоци се големи. Информираше дека договорите им истекуваат во септември и по завршувањето на летниот период предметите ќе ги преземат Подрачните служби, а за посложените предмети и постапки ќе има адвокат кој ќе ги води.*

*Д-р Горан Коевски, праша дали Фондот има доволно правници за да ги преземе судските предмети.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова одговори дека се вкупно 70 правници и дека во некој Подрачни служби нема правници но бројот на предмети е намален и ќе се направи добра организација со оние Подрачни служби во кои има вработено правници.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, истакна дека Управниот одбор генерално ја гледа извршената финансиска анализа не навлегувајќи во деталите за што е задолжен Фондот и истакна дека при прегледот за остварени приходи кои се однесува за ЈЗУ забележува еден позитивен тренд односно зголемување на приходната страна наспроти расходната страна и дека се оди во една насока настабилизација, без разлика како е прикажано на терен.*

*Татјана Лукановска, укажа на тоа дека сето тоа зависи од кој аспект се гледаат работите односно не треба да се гледа само приходната и расходната страна туку и обврските кои реално преставуваат трошоци за ЈЗУ.*

*Управниот одбор откако беше запознат со информацијата за извршената анализа за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на ЈЗУ за период јануари - јуни 2010 година, продолжи со другите точки на дневниот ред.*

***ТОЧКА 3*** *- Извештај од извршени финансиски контроли на јавните здравствени установи за периодот јануари - јуни 2010 година*

*Татјана Лукановска, објасни дека станува збор за полугодишен извештај за сите видови финансиска контрола извршена во ЈЗУ која ќе биде за првпат објавена на WEB страната на Фондот.*

*Миле Сугарев, кординатор на финансиска контрола во ФЗОМ, истакна дека во првите шест месеци од 2010 година биле извршени 42 целосни контроли на ЈЗУ според усвоениот Годишен план за финансиски контроли и месечните планирани активности. Укажа на тоа дека покрај редовните контроли во текот на месеците април и мај 2010 година, финансиските контролори биле вклучени и во активностите за контрола и ревизија на материјално финансиско работење на 20 ЈЗУ со најголеми долгови согласно заклучокот на Владата на Република Македонија со кој беше формирана и работна група. Напомена дека контролите биле извршени заедно со преставниците од Министерство за здравство, Министерство за финансии, Бирото за јавни набавки и Државниот здравствен и санитарен инспекторат. Исто така напомена и дека во тој период финансиските контролори секој месец вршеле перманентна контрола на пресметката на платите во ЈЗУ. Истакна дека најголеми неправилности во финансиското работење на ЈЗУ беше кај утврдувањето на коефицентот на сложеност на вработените и утврдувањето на додатоците од плата на вработените, ненаменско трошење на средства односно непочитување на буџетските правила на планирање и остварување на приходите и расходите, констатирано е кај најголем дел од контролираните ЈЗУ само формално изготвување на финансискиот план и комплетно непридржување на истиот во трошење на средствата во текот на 2009 година како и неправилности кај спроведување на јавните набавки. Напомена дека финансиските контролори контролната функција ја вршат заедно со едукативната при што постојано се врши укажување на надлежните во ЈЗУ за начините на изготвување и усвојување на планските документи и за водењето на сметководство со цел да изготвуваа поквалитетни финансиски планови кои сега се само проформа. Истакна дека од страна на контролата состојбата е загрижувачка во ЈЗУ и мора да се направи координација со Министерството за здравство.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, истакна дека Фондот постојано со бројни дописи го известува Министерството за здравство и согласно законската процедура им ги доставува извештаите од финансиските контрола заради нивно понатамошно постапување по истите.*

*Миле Сугарев, наведе дека јавните здравствени установи увидоа дека улогата на финансиските контролори е првенствено едукативна и не реагираат на утврдените неправилности во извештаите што се одразува многу негативно на напредокот на здравствениот систем.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, појасни дека Фондот ги гледа само фактурите за извршените здравствени услуги и наменското трошење на средствата од Фондот.*

*М-р. Борис Јосифовски, укажа дека едукативната улога на финансиските контроли на Фондот кој имаат надлежност да ги гледаат само фактурите и наменското трошење на средствата не остава простор за повикување на одговорност на овластените лица во ЈЗУ. Смета дека УЈП треба да ја преземе контролата за исплата на плати, бидејќи неможе да се контрола без последици и мора некој да подлежи на санкции.*

*Др. Горан Коевски, објасни дека Фондот согласно Законот за здравствено осигурување има овластување да врши финансиска контрола во здравствените установи со кои има договор од аспект на извршените здравствени услуги и наменското и економичното трошење на средствата кои ги дава Фондот.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, потенцираше дека состојбите при извршените контроли  во ЈЗУ не се подобруваат и дека мора да постои кординација со Министерството за здравство како надлежен орган.*

*Татјана Лукановска укажа на тоа дека состојбите би требало да се подобрат во голем дел со воведување на трезорот и нови процедури на финансирање. Истакна дека со воведувањето на трезорот ќе се намалат голем дел на активности и во голем дел од фактурите ќе знаеме што точно ни фактурираат.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, укажа дека ова е само информација до Управниот одбор  за констатирани состојби односно неправилности при вршењето  на финансиска контрола во ЈЗУ од страна на контролорите на Фондот  и посочи дека истите треба да се проследат во Министерството за здравство.*

*Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот; одговори дека извештајот е доставен до Министерството за здравство.*

*Управниот одбор откако  беше запознат со  информацијата за извештајот од извршените финансиски контроли за периодот од 01.01.2010 до 30.06.2010 година, продолжи со другите точки на дневниот ред.*

***ТОЧКА 4*** *- Предлог за ребаланс на буџетите на јавните здравствени установи кои набавките на фактори ги вршат од Републичкиот завод за трансфузиологија заради трансформацијата на заводот*

*Татјана Лукановска, го презентираше предлогот за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на буџетските плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година која се должи на последните законски измени и*

*реформи во областа на централизација на набавката на фактори за коагулација. Истакна дека во месец октомври 2009 година Републички завод за трансфузиологија започна со централизирана набавка и дистрибуција на факторите за коагулација за сите јавни здравствени установи во Македонија. Објасни дека во првото шестомесечје по анализата направена во ЈЗУ како и од добиените податоци од Републички завод за трансфузиологија набавени се и дистрибуирани фактори во вкупна вредност од околку 40 милиони денари за 20 јавни здравствени установи. Истакна дека од нив 8 јавни здравствени установи порано не набавувале фактори и немале објавено тендер. Напомена дека со исклучување на овие 8 јавни здравствени установи, вкупната сума на 12 јавни здравствени установи кои порано вршење набавки од свој буџет, за шесто месечен период изнесува 24 милиони денари. Наведе дека се претпоставува динамиката на потрошувачка да продожи и понатаму и затоа се предлага надолна корекција на буџетските плафони на здравствените установи на годишно ниво во износ од 48.850,000 денари и зголемување на буџетскиот плафон на Републички завод за трансфузија во истиот износ. Истакна дека оваа корекција е итна бидејќи Републички завод за трансфузиологија во изминатиот период генерираше долгови за порачани, а неплатени фактори кон добавувачите и дека со измена на буџетските плафони ќе се овозможи нејзино нормално функционирање.*

*Др. Беким Сали, потенцираше дека со овој начин на корегирање на буџетските плафони би се подобрила општата состојба на Републичкиот завод за трансфузиологија нејзино нормално функционирање, навремена набавка на факторите за коагулација и нивно непречено дистрибуирање до здравствените установи.*

*Директорката Маја Парнарџиева - Змејкова потсети дека предходно на јавните здравствени установи веќе два пати им е зголемен буџетот за инсулините освен на Клиничка болница Битола која нема инсулини и немала основ за зголемување на буџетот.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, предложи на Клиничка болница Битола да не и се изврши надолна корекција на буџетот заедно со останатите јавни здравствени установи, бидејќи немала зголемување на буџетот.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, посочи дека не е поволна состојбата во Клиничка болница Битола во која е забележан пораст на долговите и дека истата не би требало да добие попревилегиран третман во однос на другите. Укажа на тоа дека единствено може да се одложи за понатаму кога ќе се прават анализа за платите.*

*Др. Горан Коевски, смета дека генерално не треба да се прави преседан во однос на другите и поради тоа побара да се направи дополнителна анализа со укажување дека на Клиничка болница Битола не им е опростено туку и е одложено намалувањето на буџетските средства.*

***Заклучок:*** *Корекцијата за намалување на буџетските средства на ЈЗУ Клиничка болница Битола да се разгледува во месец септември 2010 година заедно со анализата за платите.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Во 15 часот М-р. Борис Јосифовски поради неодложни обврски ја напушти седницата, а останатите членови продолжија со разгледување на останатите точки од дневниот ред.*

***ТОЧКА 5*** *- Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност*

*Татјана Лукановска, објасни дека заради потребата која се наметнува од страна на здравствените установи за искажување на една услуга за ЕХО на абдомен, а не како до сега два здравствени услуги се предлага корекција на интернистичката услуга со шифра АИМ19 само во делот на називот односно видот на услугата. Напомена дека услугата со шифра АИМ25 - сонокомплекс на уринарен тракт/ Ехотимографија на уринарен тракт се предлага да се брише. Посочи дека се предлага измена на цената на услугата од интерна медицина со шифра АИМ18 - Бронхоскопија со биопсија. Исто така напомена дека за специјалистичко - консултативната услуга од областа на патохистологија со шифра ПХ29- Цитодијагностика на размаска се предлага измена само во текстуалниот дел и тоа ПХ29 - Цитодијагностика на размаска, освен на ПАП тест, бидејќи за ПАП тест веќе има референтна цена. Објасни дека за специјалистичко - консултативни услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност се предлага бришење на точката 2 - нормално породување*

*со вакум, клешка, точка 3 - породување со царски рез без компликации и точка 4 - породување со царски рез со компликации, а услугата под реден број 1 - нормално породување останува и се предлага измена во постоечката референтна цена која е резултат на координација со Комисијата за ДСГ и Комисијата за утврдување на референтни цени. Напомена дека се предлага и дополнување на 4 нови пакети за Дневна болница со медикаментозна терапија кои ќе бидат со важност од 01.10.2010 година и со овие пакети ќе се заокружи процесот на искажување на здравствените услуги по пакети во дневни болници.*

*Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно донесе:*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлукатаза утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност*

***ТОЧКА 6*** - *Одлука за укинување на Одлуката за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи*

*Татјана Лукановска, објасни дека Фондот е купувач на здравствени услуги во има на осигурениците, а здравствените установи се должни да ги обезбедуваат сите потребни материјали и лекови кои се составен дел на лекувањето односно на пружената здравствена услуга. Истакна дека во пракса состојбата укажува на тоа дека здравствените установи не ги обезбедуваат потребните услови за укажување на здравствена заштита и осигуренците често ги упатуваат сами со сопствени средства да набавуваат и лекови и медицински материјали кои ги рефундираат од Фондот. Појасни дека Фондот ги евидентира сите рефундации и истите го одбива од буџетските плафони на здравствените установи. Истакна дека за разлика од лековите, вградените медицински материјали немаат референтна цена пропишана од Фондот, освен за интраокуларната леќа во износ од 3.000,00 денари. Објасни дека поради ниската референтна цена во пракса се случува здравствените установи воопшто да не ги набавуваат*

*интаокуларните леќи или да ги набавуваат само оние кои имаат најниска цена и се со слаб квалитет и предлага да се укине Одлуката за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи. Информираше дека пред две недели Фондот ги извести сите здравствени установи дека вградените медицински материјали ќе се рефундираат по полна набавна цена по приложена фискална сметка на осигуреникот и по докажувањето дека вистина истиот материјал му е вграден. Истакна дека на тој начин ќе се обезбеди соодветно намалување на трошоците на осигурениците. Објасни дека здравствените установи и понатаму имаат обврска да ги обезбедуваат сите лекови и вградени материјали вклучувајќи ги и интраокуларните леќи бидејќи е нивна законска обврска и со нивните набавки можат да постигнат пониска цена во малопродажбата и да направат заштеди во својот буџет.*

*Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно донесе:*

*Одлука*
*за укинување на Одлуката за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи*

***ТОЧКА 7*** *- Предлог измена на Програмата за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и Подрачните служби на Фондот за 2010 година*

*Татјана Лукановска, информираше дека согласно заклучокот од седницата Владата на Република Македонија одржана на 05.07.2010 година за отварање на постапка за набавка на софтверски сиситем за централизирање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со Подрачните служби, се наметна потребата од измена на одредени ставки на веќе постоечката инвестициона програма. Објасни дека покрај измените за набавка на софтверско решение поради обезбедување на поефикасно и поекономично работење на административните служби на Фондот се предлага и измена во набавката на видот на печатачи и укажа дека овие предлог измени не предизвикуваат финансиски импликации во Програмата за инвестиции на Фондот за 2010 година.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, објасни дека овие измени се основ за да се започне со тендерот за набавка на софтверски систем за централизирање на Фондот со Подрачните служби и овозможување на набавка на печатачи за оваа година.*

***Заклучок:*** *Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно ја усвои Измената на програмата за инвестиции на Фондот за здравствено осигурување и Подрачните служби на Фондот за 2010 година.*

*ТОЧКА 8 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*ТОЧКА 9 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Деан Михајловски , ВД директор на сектор за човечки ресурси, објасни дека се врши измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија во делот на секторот за финансиски прашања каде подетално се наведени нивните работни задачи и надлежности. Напомена дека со прецизирањето на нивните работни места се наметна и потребата да се врши измена и дополнување и на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување со кој соодветно на работното место се утврдува висината на нивната плата изразена во бодови.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, појасни дека Управниот одбор веќе ја одобри измената и дополнувањето на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија кој се однесуваше на промена на називот на секторот за финансии во секор за финансиски прашања без да се навлезе подетално во прецизирање на работните места на вработените кои ќе работат во тој сектор. Според тоа напомена дека со сегашната измена и дополнување на Правилникот за систематизација подетално е направен описот на нивните работни места. Исто така напомена дека со овој Правилник се разработени и работните места на вработените во Одделението за сметководство и трезор, согласно новите измени на Законот за здравствено осигурување. Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, појасни и дека измените и дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување не се однесуваат на зголемување на платите на вработените во Фондот односно со измена и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во секторот за финансиски прашања во Фондот за здравствено осигурување на Македонија се наметна и потребата да се утврди висината на нивната платата изразена во бодови.*

*Др. Горан Ковески, имаше забелешка во насловот на Прилогот на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на висината на*

*платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и побара од надлежните служби истиот соодветно да го преименува.*

*По завршување на дискусијата по точките 8 и 9 на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

*Правилник*
*за изменување и дополнување на правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Правилник*
*за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***ТОЧКА 10** - Предлог за изменување на квоти на аптеки заради промени во тимови (од 1 август)*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова пред започнувањето на дискусијата за точката на дневниот ред на членовите на Управниот одбор им достави податоци за искористеност на квотите на аптеките во форма на информација од која се гледа дека во месец април 2010 година кога е утврдено намалување на квотите на патеките има континуитет на подфрлање на истите од страна на аптеките. Истакана дека сега има доказ дека квотите не биле искористени од страна на аптеките.*

*Кристина Христова, ВД директор на одделението за фармација, наведе дека согласно Правилникот за утврдување на постапка за определеување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот при намалување на бројот на фармацевтскиот кадар врз основа на кој е утврдена висината на квотата, се врши повторна пресметка на истата согласно новата кадровска застапеност во аптеката, при што квотите на другите аптеки од иста подрачна служба не се менуваат.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, одјасни дека еднаш месечно се следат податоците за извршени промени на фармацевтските тимови на аптеките.*

*Др. Љубиша Каранфиловски, укажа на тоа дека во случајот се врши корекција на квотите по намален кадар на аптеки и дека не се работи за зголемување.*

*Кристина Христова, појасни дека согласно Правилникот не се врши зголемување на квотите се до моментот на редистрибуција. Исто така објасни дека при изготвувањето на предлогот за редистрибуирање на квотите на аптеките од први септември се појавиле низа проблеми при вклучување на новите аптеки кои влегоа со прераспределбата на буџетот по Подрачните служби како резултат на ребаланост на буџетот и поради тоа истиот е симнат од дневен ред. Поради тоа предложи дека е нужно да се направат измени во Правилникот за утврдување на постапка за опредлеување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот во делот кој се однесува на ревидирање на утврдените квоти на здравствените установи - аптеки.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, наведе дека ќе се изготви предлог за измена на Правилникот за утврдување на постапка за опредлеување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот и истиот ќе биде доставен до членовите на Управниот одбор.*

*По завршување на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кај здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

**ТОЧКА 11 -** *Преглед на аптеки за кои се води судски спор со градски аптеки;*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, информираше дека треба да се дефинира став во врска со Градските аптеки со кои Фондот води судски спор. Укажа и на тоа дека најголем дел од градските аптеки го менуваат својот статус како што е случајот со Аптеката Еуро Фарм Битола кој го купи просторот од Градска аптека Струмица како и Аптеката Мак лек Скопје и како таква склучи договор со Фондот. Ги праша членовите на Управниот одбор дали за овие 10 Градски аптеки за кои се води судски спор Фондот има право од правен аспект да не им склучува договор, со оглед на тоа дека споровите се*

*однесуваат за минато време како и тоа дали постои можност истите да влезат во наредната редистрибуција на квотите.*

*Др. Горан Коевски, праша дали адвокатите на Фондот кој ги водат споровите со Градските аптеки го знаат исходот од постапката.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, одговори дека не се сигурни од исходот на постапките во кој правец ќе се одвиваат.*

*Др. Горан Коевски, смета дека сите се рамноправни при доставување на понуди за склучување на нови договори со Фондот.*

***Заклучок:** Градските аптеки со кој Фондот води судски спор да се вклучат во наредната редистрибуција на квотите.*

***ТОЧКА 12** - Информација во врска со Спогодбата за унапредување на деловна соработка со Здравствената установа АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица*

***ТОЧКА 13** - Информација во врска со Спогодбата за унапредување на деловна соработка со здравствената установа Негорски бањи АД с. Негорци - Гевгелија*

*Стојан Петрески, раководител на одделението за здравствено осигурување и нормативно правно работење, објасни дека Фондот со цел унапредување на односите и соработката со здравствените установи АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица и Негорски бањи АД с. Негорци - Гевгелија, како и за надминување на судските спорови кои овие установи ги водат против Фондот и нивно вонсудско решавање, изготви текст на Спогодбата за унапредување на деловната соработка. Истакна дека по усогласувањето на текстот на спогодбата со преставниците АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица на на 12.08.2010 година електронски истите доставиле нов текст на спогодба со која здравствената установа се обврзува на крајот од секоја година да отпишува 30% од исплатениот износ за извршени здравствени услуги се до истекот на 3 години од денот на потпишувањето на спогодбата. Истака дека ваквиот дефиниран став отстапува од начелно договореното дека побарувањето од Фондот ќе се искомпезира со склучување на договор во наредните години и го обврзува Фондот преку поголеми годишни буџети тоа да го стори во рок од 3 години. Укажа дека од преговорите кои се водеа со Негорски бањи АД с. Негорци - Гевгелија тие предгалат еден поинаков концепт односно бараат да се склучи договор за 2010 и 2011 година но не прифаќаат здравствената установа секоја година да отпишува 30% од исплатениот износ за извршени здравствени услуги утврдени со договорот се до конечната исплата на обврската на Фондот и се обврзува дека без оглед на исходот на спорот заклучно со 31.12.2011 година*

*нема да бара присилно извршување и наплата на побарувањата утврдени со правосилна и извршна пресуда, кои се неприфатливи за Фондот.*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, наведе дека сега прв пат се запознава со новиот предлог на АД „Цар Самуил„ - Банско, Струмица и истакна дека е неповолен за Фондот бидејќи не ограничува за период од 3 години.*

*Др. Горан Ковески, истакна дека не е сигурен колку Спогодбата е обврзувачка бидејќи таа е еден вид на рамковна спогодба или меморандум за соработка. Напомена дека треба да продолжат преговорите со давање на едно генерално овластување на менаџерите на Фондот да ги водат преговорите во консулатација со адвокатите на Фондот.*

***Заклучок**: Управниот одбор ги овластува менаџерите на Фондот да продолжат со преговорите а по добивање на судската пресудата со кој ќе се знае исходот од постапката, да се преговара за плаќање на долгот на рати доколку е можно.*

***ТОЧКА 14**- Корекции на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова исткана дека корекцијата на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување од 01.08.2010 година се однесува на членот 14 и негово усогласување со новиот Правилник за БПО со кој е предвиден протокол за време на извршувањето на БПО постапката. Истакна дека во случај на настанати компликации кои се резултат на БПО постапката и при тоа процедурата не е предвидена со протоколот,здравствената установа треба да го информира осигуреникот дека третманот може да го изврши или во нивната здравствена установа или во здравствена установа со која Фондот има договор. Исто така укажа дека доколку осигуреникот избере третманот да го изврши во здравствената установа во која се врши БПО тогаш дополнителниот трошок на овој третман е на товар на осигуреникот.*

*Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно ја усвои направената корекција на Договорот за пружање и плаќање здравствени услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување.*

***ТОЧКА 15 -** Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорката М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, објасни дека се предлагаат измени и дополнување на Планот за јавни набавки за 2010 година во кој се додаваат две нови позиции и тоа Услуги за поврзување на 9 простории на*

*ПИОМ со постоечката LAN мрежа во Подрачната служба - Скопје и WEB сервис.*

*Управниот одбор без да навлегува во дискусија, едногласно донесе*

*Одлука*
*за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2010 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***ТОЧКА 16*** *- Разно*

*Со оглед на тоа дека не беа предвидени материјали за под точката разно дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 17,00 часот.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа - Ѓуровска***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***